# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАРКЕТИНГ И БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2102-193/3 од 19.4.2018 година, донесена на 187. седница на Наставно-научен совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник за наставно-научната област маркетинг и бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- **проф. д-р Трајко Мицески**, редовен професор, научна област менаџмент и финансии, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип – **претседател;**
- **проф. д-р Елизабета Митрева**, вонреден професор, научна област управување со системи и маркетинг менаџмент, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип – **член;**
- **д-р Никола Цуцулески**, доцент, научна област туристички маркетинг, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип – **член.**

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Нова Македонија” и „Коха” на 4.4.2018 година и во предвидениот рок се пријави д-р Наташа Митева, асистент-докторанд на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По разгледувањето на поднесената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Наташа Митева** е родена на 11 август 1987 година во Струмица, Република Македонија. Основно и средно образование завршува во СОУ „Јане Сандански“ во Струмица, Република Македонија. Високо образование завршува во 2009 година на „Американски колеџ Солун“ во Солун, Република Грција, и се стекнува со диплома за **бизнис администрација со двоен отсек маркетинг и менаџмент**, со просек 3,22 (на скала од 0 до 4), односно според еквиваленција на оценките од Министерство за образование и наука на Р. Македонија со просек **9,06**. Во 2010 година на истата институција успешно завршува магистерски студии, со магистерска теза на тема „*Бизнис план за проектот за гасификација на Општина Струмица, Македонија*“ и се стекнува со звање **магистер по бизнис администрација** со концентрација финансии и банкарство, со просек 3,56 (на скала од 0 до 4), односно според еквиваленција на оценките од Министерство за образование и наука на Р. Македонија со просек **9,41**. Во 2011 година се запишува на докторски студии на Економски институт на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Република Македонија, на тема „*Раст и развој на хотелските синџири и можни стратегии за влез на македонскиот пазар*“ под менторство на професор д-р Марија Таковска. На 15 ноември 2017 година ја брани докторската дисертација и се стекнува со научен степен **доктор на економски науки** на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје. Кандидатката д-р Наташа Митева има високо познавање на англискиот јазик и уверение за положен **Кембриџ ПЕТ** тест за електронско полагање преку компјутер на 24.4.2014 г. со **92 поени** од вкупно 100 (ниво L1 според UK National Qualifications Framework и B2 според Council of Europe Level). Наташа Митева е државјанин на Република Македонија.

Од декември 2011 година, д-р Наташа Митева е вработена на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Р. Македонија како помлад асистент, а од ноември 2014 година е избрана во асистент-докторанд на истата институција.

До сега има објавено неколку научни трудови и активно учествува во неколку национални и интернационални научни проекти.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Доктор на економски науки, докторска дисертација од областа на маркетингот и менаџментот (институциите од туристичката и хотелската индустрија и стратегиите кои ги користат за настап на интернационалните пазари).
2. Остварен просечен успех на прв циклус студии од 3,22 и на втор циклус студии од 3,56 (на скала од 0 до 4), односно според еквиваленција на оценките од Министерство за образование и наука на Р. Македонија со просек 9,06 и 9,41 соодветно**.**
3. Има објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списаниеили меѓународна научна публикација | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| | **Miteva, Natasa** (2018) | *Hotel chains entering the Macedonian market* | International Journal of Management Excellence, 10 (2). pp. 1284-1291. ISSN 2292-1648 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19695 | 6 (од 2012) индексирано на Google Scholar, Worldcat, UGC Approved Jr. No. 48561, Open Archives Initiative, Cornell University Library, University of Washington Librar |
| | **Miteva, Natasa** and Ackovska, Marija (2017) | *The impact of hotel chains on the customer satisfaction and loyalty.* | International Scientific Conference on Economics and Management EMAN. pp. 856-861. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18541 | 21 (од 1997) |
| | Mitreva, Elizabeta and **Miteva, Natasa** and Saneva, Dusica (2017) | *Service quality in hotel industry.* | First Internattional Scientific Conference, ISCTBL, Faculty of Tourism and Bisiness Logistics - Gevgelija, Macedonija. ISSN 978-608-244-465-9 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19018 | |
| | Mitreva, Elizabeta and Saneva, Dusica and **Miteva, Natasa** (2017) | *Total quality management in hotelindustry.* | First Internattional Scientific Conference, ISCTBL, Faculty of Tourism and Bisiness Logistics - Gevgelija, Macedonija. ISSN 978-608-244-465-9 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19019 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Dimitrov, Nikola and Josheski, Dushko and **Miteva, Natasa** (2017) | *Просторни и регионални перспективи на Штип и очекувани туристички импликации.* | Зборник на трудови од втората меѓународна научно - стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката", 27 мај 2017, Штип. pp. 253-272. ISSN ISBN 978-608-244-444-4 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18755 | |
| | Kovacevik, Kristina, and **Miteva, Natasa** (2013) | *Supply chain management and its implementation in the organizations in Macedonia.* | 1st International Conference on Contemporary Research Issues in Economics, Management and Business – Prilep, R. Macedonia. pp. 24 | |
| | Dimitrov, Nikola and **Kolevska, Natasha** (2013) | *Multimedia performances for pragmatic tourism.* | 1-th International Conference of Cultural Heritage, Media and Tourism - Ohrid,18-19 Jan 2013. pp. 241-251 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6058 | |
| | **Колевска, Наташа**, и Наковска, Јулија (2012) | *Потенцијали за развој на екохотели во Дојран.* | Научно-стручна трибина на тема: „Туризмот во Дојранскиот регион", 20 април 2012, Дојран, Р. Македонија. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/2965 | |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката д-р Наташа Митева од декември 2011 г. со Одлука бр. 2602-236/13 е избрана за помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за подрачјето бизнис менаџмент. Од ноември 2014 г. со Одлука бр. 2602-1267/5 д-р Наташа Митева е избрана во звањето асистент-докторанд на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за областа економика и организација на туризмот. На Факултетот за туризам и бизнис логистика на прв циклус д-р Наташа Митева изведува вежби по предметите: Менаџмент на човечки ресурси, Основи на економија, Економика на угостителство и туризам, Ресторански менаџмент и др.

***Позитивно рецензирана скрипта и практикум***

Кандидатката д-р Наташа Митева е автор на позитивно рецензирана скрипта и позитивно рецензиран практикум од областа на маркетинг и менаџмент:

Скрипта (2017 г.) **Менаџмент на човечки ресурси - скрипта**, (рецензирана е-скрипта) ISBN 978-608-244-474-1 линк од е-библиотека:http://e-lib.ugd.edu.mk/685

Практикум (2017 г.) **Менаџмент на човечки ресурси - практикум,** (рецензиран е-практикум) ISBN 978-608-244-473-4линк од е-библиотека: http://e-lib.ugd.edu.mk/686

***Листа на објавени научни и стручни трудови***

**Miteva, Natasa** (2018) *Hotel chains entering the Macedonian market.* International Journal of Management Excellence, 10 (2). pp. 1284-1291. ISSN 2292-1648

Во овој труд се претставени карактеристиките на глобалниот пазар, како што се ниските бариери за влез, високата атрактивност и најголемиот раст, со посебен осврт кон хотелските синџири кои се лидери во хотелската индустрија. Фокусот е на стратегиите за експанзија кои тие ги користат и тоа франшиза, менаџерски договори, стратешки алијанси, здружувања и аквизиции и заеднички вложувања, со цел да настапат на интернационалните пазари. Целта на трудот е да го елаборира настапот и присуството на интернационалните хотелски синџири на македонскиот пазар, нивниот придонес и влијание. Македонскиот пазар е релативно млад, но со стабилен потенцијал за раст и развој, и релативно ниски бариери за влез.

Mitreva, Elizabeta and **Miteva, Natasa** and Saneva, Dusica (2017) *Service quality in hotel industry.* First Internattional Scientific Conference, ISCTBL, Faculty of Tourism and Bisiness Logistics - Gevgelija, Macedonija. ISSN 978-608-244-465-9

Оценката на квалитет е еден од најголемите предизвици во хотелската индустрија. Поради неговата комплексна природа, постојат бројни методи и техники кои помагаат во мерењето, оценката и управување со квалитетот. На ваков начин се постигнува целосно владеење со квалитетот, а со тоа и одржлив развој на бизнисот, на задоволство на сите заинтересирани страни. Во услужните индустрии квалитетот се мери според очекувањата и перцепциите кај консументите. Целта на овој труд е преку литературен преглед да се долови важноста на квалитетот на хотелските услуги и неговата поврзаност со нивото на очекување и перцепција на консументите. Анализирани се разликите во очекувањата и перцепциите кај консументите во однос на хотелските услуги, како и нивната импликација во практика.

Mitreva, Elizabeta and Saneva, Dusica and **Miteva, Natasa** (2017) *Total quality management in hotel industry.* First Internattional Scientific Conference, ISCTBL, Faculty of Tourism and Bisiness Logistics - Gevgelija, Macedonija. ISSN 978-608-244-465-9

Тоталното управување со квалитетот (TQM) е системски пристап кон менаџментот, со цел континуирано зголемување на вредноста што се нуди на корисниците преку континуирано унапредување на квалитетот на услугите. Во хотелската индустрија успехот се постигнува преку квалитетот на услугата и затоа истиот е клучен фактор за опстанок во дваесет и првиот век. Квалитетот денес е основен фактор за опстанок на пазарот, подобра конкурентност и поголема профитабилност. TQM е процес кој започнува и завршува со купувачот. Целта на овој труд е обезбедување на контрола на квалитетот на услугите и негово континуирано унапредување во хотелска индустрија. Тоталното управување со квалитетот во услужниот сектор, туризмот и хотелската индустрија е од големо значење и има економски и социјален карактер

**Miteva, Natasa** and Ackovska, Marija (2017) *The impact of hotel chains on the customer satisfaction and loyalty.* International Scientific Conference on Economics and Management EMAN. pp. 856-861.

Од далечната 1800 година, денес туристичката и хотелската индустрија важат за една од најбрзо растечките индустрии во светот и поддржувачки фактори за економијата во целост. Во овој труд фокусот е на влијанието на хотелските синџири врз сатисфакцијата и лојалноста на потрошувачите. Истражувањата укажуваат на постоењето на силна врска помеѓу позиционирањето на брендот на пазарот и перспективата на потрошувачите. Како резултат на што се отвораат можности за придобивање на сатисфакцијата и лојалноста на потрошувачите.

Dimitrov, Nikola and Josheski, Dushko and **Miteva, Natasa** (2017) *Просторни и регионални перспективи на Штип и очекувани туристички импликации.* Зборник на трудови од втората меѓународна научно - стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката“, 27 Мај 2017, Штип. pp. 253-272. ISSN ISBN 978-608-244-444-4

Основната цел на трудот е утврдување на просторно-планската и гравитациона моќ на Штип кон регионот на Источна Македонија кон Скопје, и обратно. Утврдување на просторно-планската и геостратешка перспектива на Штип во 21 век. Штип нов стратешки просторно-регионален центар со нова патна мрежа, карго гасовод, вештачка акумулација, индустриска зона, ветерници и сл. Утврдување на влијанието на новата стратешка положба

на Штип и импликации врз туризмот. Проширување и збогатување на туристичката понуда и продукција со нови содржини и туристички зони во околината.

1. Kovacevik, Kristina, and **Miteva, Natasa** (2013) *Supply chain management and its implementation in the organizations in Macedonia*. 1st International Conference on Contemporary Research Issues in Economics, Management and Business – Prilep, R. Macedonia. pp. 24

Целта на овој труд е да ја истакне важноста на синџирите за снабдување како еден од концептите за глобална експанзија, брз раст, партнерство и снабдување со извор на ресурси. Важноста на концептот резултира од потребата за максимизација на вредноста и сатисфакцијата на потрошувачите, одржливата конкурентска предност, ефективната координација на сите активности вклучени во работењето, од дизајнирање на производот до негова достава. Во фокусот на трудот е можноста за имплементација на овој концепт во претпријатијата во Р. Македонија, како и неговото позитивно влијание врз организациското работење и помош при достигнување на организациските цели.

2. Dimitrov, Nikola and **Kolevska, Natasha** (2013) *Multimedia performances for pragmatic tourism*. 1-th International Conference of Cultural Heritage, Media and Tourism - Ohrid, 18-19 Jan 2013. pp. 241-251.

Во овој труд е претставено влијанието на аудиовизуелните и дигиталните техники како главни средства во секојдневното живеење. Современиот туризам веќе применува интердисциплинарна трансформација на туристичката промоција и анимација. Современата туристичката понуда на услуги подразбира продукциски мултивалоризирани природни, антропогени, комуникативни и рецептивни вредности на конкретен објект или географски простор како туристичка дестинациска цел. Резимирано, разновидните програмирани аудиовизуелни компилации, презентации и изведби во реалната природна, антропогена, комуникативна и рецептивна средина, мора да вклучува виртуелни и виртуозни содржини на разни мултимедијални изведби на промоција, репродукција, реконструкција и ревитализација. Ваквиот развој и примена на современите медиуми и дигитализација во сите сфери на општественото живеење подразбира практицирање на совршено-профитабилен, квалитетен прагматичен туризам. Туризам кој практицира валоризирано патување, рекреација, одмор, едукација и забава, врз принципот на заштита и одржливост на природната и животната средина.

3. **Колевска, Наташа**, и Наковска, Јулија (2012) *Потенцијали за развој на екохотели во Дојран*. Научно-стручна трибина на тема: „Туризмот во Дојранскиот регион“, 20 Apr 2012, Дојран, Р. Македонија.

Како во светот така и во Р. Македонија туристичката индустрија бележи континуиран раст. Дојран е еден од градовите каде што туристичкото стопанство претставува главна стопанска гранка. За таа цел во овој труд е направен краток преглед на целокупната туристичка индустрија, притоа фокусирајќи се на екотуризмот како сектор со најбрз раст од оваа индустрија. Потенцијалите и можностите за развој на екотуризмот во Дојран како и придобивките од истиот се главниот фокус на овој труд.

***Стручна монографија:***

**Miteva, Natasa** (2018) *РАСТ И РАЗВОЈ НА ХОТЕЛСКИТЕ СИНЏИРИ И МОЖНИ СТРАТЕГИИ ЗА ВЛЕЗ НА МАКЕДОНСКИОТ ПАЗАР*. Other. Natasha Miteva, Shtip.ISBN 978-608-245-266-1http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19829

Хотелската индустрија е една од најстарите индустрии во светот. Различниот економски развој на регионите во различни периоди доведува до разлики и во развојот на хотелската индустрија ширум светот, карактеризирајќи ја како разновидна, иновативна и значајна. Меѓу другото, хотелската индустрија секогаш е опишувана и како индустрија со релативно ниски бариери за влез на странските пазари, а со предностите на глобализацијата денес индустријата е во нејзината зрела фаза со изразена интензивна конкурентност, поради што најголемиот раст се случува на интернационално ниво. Преку стратегиите за експанзија, франшизинг, менаџерски договор, стратешки алијанси, аквизиции и заеднички вложувања, хотелските синџири се водечки лидери во хотелската индустрија на светскиот хотелски пазар. Целта на ова истражување е да се оцени настапот на хотелските синџири на македонскиот пазар, нивниот придонес за проширување на хоризонтите на хотелската

индустрија во целост, како и нивното влијание врз туризмот на државата. Македонскиот хотелски пазар е уште еден од многуте на кои хотелските синџири се присутни и иако релативно млад се карактеризира со стабилен потенцијал за раст и развој и ниски бариери за настап.

***Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност***
***Проекти***

За време на изборниот период кандидатката д-р Наташа Митева учествува во два научноистражувачки и апликативни проекти и тоа:

Mitreva, Elizabeta and Petrevska, Biljana and Dimitrov, Nikola and Taskov, Nako and Saneva, Dusica and **Miteva, Natasa** and Lazarevski, Ilija and Namicev, Petar and Angelkova, Tanja (2017) *Модел за подобрување на перформансите во хотелската индустрија и туризмот во Македонија.* [Project] (In Press)http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17956

Koteski, Cane and Dimitrov, Nikola and Jakovlev, Zlatko and Apostolov, Mico and Atanasovski, Drasko and Magdinceva Sopova, Marijaand Temelkov, Zoran and Josheski, Dushko and **Miteva** Kolevska, **Natasa** and Serafimova, Mimoza (2017) *Можности и перспективи за развој на туризмот во сливот на Црна Река.* [Project] (Submitted) http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17878

***Членство во организации, работни тела и комисии***

Во изборниот период, кандидатката д-р Наташа Митева е член на повеќе факултетски органи и комисии и тоа: Наставно-научен совет при Факултет за туризам и бизнис логистика и Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика.

*Од мај 2016 г. – член на Наставно-научен совет на Факултет за туризам и бизнис логистика.

*2017 г. - член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (внес и средување на документи на ФТБЛ во Штип);

*2016 г. - член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (внес и средување на документи на ФТБЛ во Штип);

*2015 г. - член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (внес и средување на документи на ФТБЛ во Штип);

*2016 г. - член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (внес и средување на документи на ФТБЛ во Штип);

*2013 г. - член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (внес и средување на документи на ФТБЛ во Штип);

*2011 г. - член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (внес и средување на документи на ФТБЛ во Штип).

***Членство во научни мрежи, стручни платформи и бази на податоци:***

*2013=UGDScholar(http://scholar.ugd.edu.mk/mitevan)
*2013=AcademiaEdu (https://ugd.academia.edu/NatashaMiteva)
*2013=ResearchGate (https://www.researchgate.net/profile/Natasha_Miteva)
*2012=UGDAcademicRepository
(http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Miteva=3ANatasa=3A=3A.html)

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека на распишаниот Конкурс за избор на наставник за сите звања за научната област маркетинг и бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип се пријави кандидатката д-р Наташа Митева.

Врз основа на изложеното, Комисијата го потврдува научниот и стручен развој на кандидатката д-р Наташа Митева и значајниот придонес што го дава во предложените области маркетинг и бизнис менаџмент.

Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа и позитивната оценка од самоевалуацијата, асистент докторанд д-р Наташа Митева има одличен придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, а во согласност со Законот за високо образование и со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитет „Гоце Делчев“, бидејќи кандидатката ги исполнува сите наведени критериуми за избор во звање доцент, со особено задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ кандидатката **д-р Наташа Митева да ја избере во звање доцент** за наставно-научната област маркетинг и бизнис менаџмент.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Трајко Мицевски, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Елизабета Митрева, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Никола Цуцулески, доцент, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1 | Избор во звање помлад асистент | 10 | 10 |
| 3 | Избор во звање асистент-докторанд | 20 | 20 |
| **ВКУПНО** | | **30** | |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | Број | Поени | Број | Поени | |
| 1 | Монографија или научна книга Реф.1, 2, 11 | 3 | 10 | | | 30 |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание во странство Реф. 3, 6 | | | 2 | 3 | 6 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание во земјава Реф. 4, 5 | 2 | 3 | | | 6 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир Реф. 7, 8, 9, 10 | 4 | 2 | | | 8 |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| 11 | Одбранет магистерски труд | | | 1 | 4 | 4 |
| 19 | Член на организациски одбор на научен собир | 1 | 1 | | | 1 |
| **ВКУПНО** | | | | | | **63** |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | Број | Поени | Број | Поени | |
| 13 | Учесник во научен проект Реф. 12, 13 | 2 | 5 | | | 10 |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | 7 | 2 | | | 14 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **24** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **117** |